Деловен систем за промет, производство и пласман на хемиски материјали за градежништво и инжењеринг работи
АДИНГ АД
Бр. 02-2230/3
21.05 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 480 ст.3 од законот за трговски друштва, Надзорниот Одбор на АДИНГ АД до Собранието на акционери на АДИНГ Скопје поднесува :

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА АДИНГ АД СКОПЈЕ**
**ЗА 2019 ГОДИНА**

Согласно законската регулатива на општите акти на друштвото, Надзорниот Одбор има овластувања да врши надзор врз управувањето со Друштвото.

Надзорниот Одбор, на вонредна седница одржана на ден 21.05.2020 година, ја разгледа Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2019 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на друштвото изготвен од Управниот Одбор на АДИНГ АД Скопје, консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2019 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва со предлог одлука на Управниот Одбор за распределба на добивката по годишната сметка, извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2019 година од овластениот ревизор ГРАНТ ТОРНТОН, при што констатира дека :

- Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2019 година и консолидираната годишна сметка на АДИНГ АД и поврзаните дрштва се согласно прописите на Република Северна Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и од Ревизорската куќа ГРАНТ ТОРНТОН.

Поради тоа, Надзорниот Орган му предлага на Собранието на акционери на АДИНГ АД Скопје на годишното Собрание, Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2019 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на друштвото, како и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2019 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва, со предложената распределба на добивката да ги усвои.

Во текот на 2019 година Надзорниот одбор одржа 12 редовни седници и 2 вонредни седница во состав Претседател Белев Александар, Заменик претседател Александра Петровска, член Филип Филипоски и независен член Раде Јанков.

Присуството на седниците на Надзорниот Одбор како и на Претседателот на Управниот Одбор беше редовно.

Материјалите за разгледување на работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва беа остварување на плановите за: реализација на продажбата на домашен и странски пазар; остварување на производството и реализација на набавките; трошоците; пресметките; остварените добивки односно загуби и друго.

Како резултат на разгледување на материјалите добиени од Управниот Одбор за работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва за 2019 година донесени се голем број на заклучоци како и 3 одлуки и тоа:

- Одлука бр.13 од 29.01.2019 година за одобрување за задолжување на АДИНГ АД Скопје по однос на Договор за краткорочен кредит на износ од 5.400.000,00 денари во Халк Банка АД Скопје.

- Одлука бр.14 од 15.04.2019 година за утврдување на текстот на Извештајот за работата на Надзорниот одбор за 2018 година.
- Одлука бр.15 од 05.07.2019 година за согласност за задолжување, заложување на недвижен и подвижен имот сопственост на Друштвото и обезбедување со меници.

Покрај разгледувањето на работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва преку материјалите добиени од Управниот Одбор, Надзорниот Одбор беше информиран од страна на Претседателот на Управниот Одбор за:

- Активностите на Комисија надлежна за организација и логистика на прославата по повод јубилеј "50 години АДИНГ".
- Превземање на дејствија за поведување, како и текот на судска постапка против партнерите Ахмади за наплаќање на долгот од Адинг Шими Парс
- Презентираните месечни извештаи и Бизнис плановите за 2019 година на фирмите во ДС
- престанокот на работниот однос на Извршниот директор во ДС задолжен за службите Институт и Фабрика
- враќање на судскиот предмет Инвест А против МОН на првостепено одлучување
- текот на враќањето на парични средства во предметот АДИНГ против Бетон Битола согласно судска пресуда
- состојбата со предметот за откуп на земјиштето кое се наоѓа на ул.Кузман Шапкарев
- образложени заклучоците донесени од Управниот одбор во врска со извештаите за работата на Адинг АД Скопје и поврзаните друштва во шестте и деветте месеци во 2019 година
- вработување на нов инженерски кадар во службата Институт
- исплатата на дивидендата во законски предвидениот рок
- добрата ликвидност на друштвото
- состојбата со наплата на побарувањата од должниците
- реновирањето на деловниот простор во Палата Кузман
- Најголемата рекламација во врска со производ од производната програма на АДИНГ, АДИНГПОКС 2 во вредност од 1.500.000,00 денари со вклучено ДДВ од страна на комитентот АНТИДАПОКС
- понудите од комерцијалните банки за повластени кредити
- инвестициониот кредит од Комерцијална Банка
- И други тековни работи.

Анализирајќи го работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва во 2019 година имајќи ги во предвид условите за стопанисување во нашата држава а и во другите држави, особено потешкотиите околу ликвидноста во тековното работење, Надзорниот Одбор работењето во 2019 година го оцени како успешно.

Во 2019 година во АДИНГ АД остварени се следните резултати:

- Вкупната нето продажба на готови производи на домашен и странски пазар изнесува 4,441,108 евра. (+732,923 евра од останати приходи, или вкупно 5,174,031 евра). Реализацијата од готови производи беше 88% од планираната, а 96% во однос на 2018 година.

- Остварените трошоци изнесуваат 4.450.353 евра и се за 6 % поголеми во однос на реалните трошоци спрема остварувањето на планот за 2019 година.

Во 2019 година резултатите од финансиското работење во АДИНГ АД се следните:

- Приходите од деловното работење изнесуваат 5,174,031 евра.
- Добивката по оданочување изнесува 280.819 евра што претставува 5,38% од вкупните деловни приходи.

Во поглед на другите активности во АДИНГ АД може да се наведе и следното:

- Одржувањето на системот за менаџмент со квалитет и системот за животна средина.
- и други активности.

**Инвестициите во АДИНГ АД во 2019 година изнесуваа вкупно 205.615 евра.**

Надзорниот Одбор и во текот на 2020 година продолжи да го следи работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва преку разгледување на материјалите добиени од Управниот Одбор.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**АДИНГ АД Скопје**
**П р е т с е д а т е л**

Мај 2020 година
Скопје

**Александар Белев**